**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 04-1985/9
25 -11- 2019
Скопје

Врз основа на чл. 110, чл. 175 став 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), Наставно-научниот совет на Филолошки факултет „Блаже Конески" во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 38. редовна седница одржана на 20.11.2019 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

1. **Д-Р КРИСТИНА НИКОЛОВСКА се избра** во звањето **доцент** во наставно-научните области **Општа и компаративна книжевност и Теорија на книжевноста.**
2. Именуван/-иот/-ата заснива работен однос на определено работно време до 19.11.2024 година.
3. Во стекнатото звање именуван/-иот/-ата се здобил-а од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за плати.

**О б р а з л о ж е н и е**

На објавениот конкурс за избор на **доцент** во наставно-научните области **Општа и компаративна книжевност и Теорија на книжевноста** објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха", се пријави кандидатот **д-р Кристина Николовска.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1202.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 20.11.2019 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

**1. д-р Маја Бојаџиевска, редовен професор**
**2. д-р Славица Србиновска, редовен професор**
**3. д-р Лидија Дракулевска, редовен професор**

едногласно го-ја избра **д-р Кристина Николовска** во звањето **доцент**.

Согласно чл. 175 став 1 од Законот за високото образование избраниот наставник заснива работен однос за времето на кое е избран.

Одлуката да се достави до именуван/-иот/-ната, Одделението за правни, општи работи и човечки ресурси, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење и Архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет
Проф. д-р Анета Дучевска

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

Избор доцент др Кристина Николовска

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1202

Скопје, 1 ноември 2019 година

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент по група предмети во областа храна и исхрана и фармацевтска токсикологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје (м-р **фарм. Зоран Живиќ**)............................257-261

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Џемиљ Азир, Наталија Стојанова, Виолета Живковска, Наташа Наковска, Славица Димитриевска, Бојан Миклош, Назиф Авди, Сашо Марковски, Ајсу Јахја, Александра Ганиќ Георгиевска, Јулијана Ѓоргиевска**)......................................262-263

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на виш лектор во наставно-научната област туркологија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (д-р **Фатима Хоџин**)...........264-275
2. Реферат за избор на наставник во сите звања во наставно-научните области (дисциплина) наука за книжевноста – (**општа и компаративна книжевност и теорија на книжевноста**) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (д-р **Кристина Николовска**)...........................................................................................276-290

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор на асистент во наставно-научните области човекови права и слободи и право на ЕУ на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (м-р **Милка Димитровска**, м-р **Никола Илиевски**).................................291-304
2. Реферат за избор на еден асистент за една од наставно-научните области комуникации и мас-медиуми, политички науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (м-р **Теа Конеска-Василевска**, м-р **Стојанче Манев**, м-р **Никола Илиевски**, м-р **Јован Близнаковски**, **Јорданка Черепналкова-Трајкоска**)..........................................................................................................305-317
3. Реферат за избор на асистент во наставно-научните области бизнис менаџмент, управување со човечки ресурси, наука за организација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (м-р **Теодора Иванова (Стојчевска)**, д-р **Јасмина Мишоска**, м-р **Блаже Јосифовски**, м-р **Лилјана Пушова Стаменкова**, **Виктор Атанасовски**, д-р **Ивана Стојческа**)........................................................318-329
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Елена Несторовска**)..........................................................................................................330

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНА) НАУКА ЗА КНИЖЕВНОСТА – (ОПШТА И КОМПАРАТИВНА КНИЖЕВНОСТ И ТЕОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 19/20 септември 2019 година година, за избор на наставник во наставно-научните области општа и компаративна книжевност и теорија на книжевноста и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на триесет и шестата редовна седница на 16.10 2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав

проф. д-р Маја Бојаџиевска
проф. д-р Славица Србиновска
проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска.

По разгледувањето на пристигнатата документација, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во сите звања во научните области општа и компаративна книжевност и теорија на книжевноста пристигна пријава од кандидатката д-р Кристина Николовска. Пријавата ги содржи сите потребни документи предвидени во конкурсот, вклучително со биографија на кандидатката, диплома и уверение за завршен прв циклус студии на Катедрата за општа и компаративна книжевност (Филолошки факултет - Скопје); уверение за завршен втор циклус студии на Универзитетскиот колеџ во Лондон (UCL), на програмата „Идентитет, култура и моќ“; уверение за завршен трет циклус студии (докторат) со двојна диплома од Универзитетот во Кент (Обединето кралство) и Слободен универзитет Берлин (Сојузна Република Германија) - доктор на науки на програмата „Текст и настан во раномодерна Европа“; како и копии и примероци од објавените научни трудови на кандидатката.

Врз основа на сите приложени документи, Рецензентската комисија ги донесе следниве заклучоци:

## 1. Биографски податоци, образование и професионално искуство

Кандидатката Кристина Николовска завршила студии на Филолошкиот факултет во Скопје, на катедрата за општа и компаративна книжевност со покажан среден успех од 9,12. Нејзиниот висок просек и одбранетиот дипломски труд („Политичките митови во македонските медиуми“) покажуваат дека се работи за компаратист со специфичен потенцијал, кој не се офраничува ексклузивно на книжевноста туку поседува истражувачки капацитет и љубопитност за навлегување во културолошки и антрополошки подрачја.

Дополнително, д-р Николовска го продолжува своето образование во Македонскиот институт за медиуми и Данската школа за новинарство, така што се здобива и со диплома за завршена едногодишна школа за новинарство, во јуни 2005 година. Во годините што следат, д-р Николовска ја започнува својата професионална кариера преку работата со Радио Слободна Европа на македонски јазик, како новинар / уредник / продуцент (2004 – 2007), како новинар со Balkan Investigative Reporting Network, (2005 – 2007), потоа со Jane's Information Group, каде што работи како

консултант за безбедносни проценки и анализи (2006 – 2011). Паралелно, д-р Николовска работела и за New Moment Video Production, како новинар-истражувач за напредокот на Р Македонија кон ЕУ (2006), а во текот на 2009 година, работи и како истражувач волонтер на проектот за усна историја - HISTORYtalk.

Постдипломските студии кандидатката ги поминува во Лондон, на еден од најпрестижните универзитети во светот, Универзитетскиот Колеџ Лондон (UCL). Во текот на постдипломските студии, д-р Николовска ги продлабочува своите знаења во доменот на истражувањата на релациите помеѓу книжевноста и антропологијата, книжевноста и историографијата, книжевноста и политиката и конечно, книжевноста и меморијата. Во текот на 2010 година, Николовска ја брани својата магистерска теза на истиот Универзитет, работена под менторство на проф. Ерик Горди. Во годините што следат, Николовска ја продолжува академската наобразба со тоа што се запишува на специјална докторска програма за која добива Erasmus Mundus Joint Doctoral Fellowship, целосна докторска стипендија доделена од Европската комисија (2011–2014). Во 2015 година, Николовска се здобива со диплома на доктор на науки (двојна диплома) при Универзитет во Кент, Обединето Кралство и Слободниот универзитет Берлин, Сојузна Република Германија. Докторската дисертација во рамки на програмата *Текст и настан во раномодерна Европа*, се занимава со специфичните аспекти на пишувањето маргиналии во црковнословенските паратекстови од југоисточна Европа (1371-1711) и е работена под менторство на проф. д-р Дона Лендри (Кент) и проф. д-р Клаудија Јарзебовцки (Берлин).

Во периодот од 2015 до 2018, д-р Николовска остварува и неколку постдокторски престои, и тоа: при Институтот за напредни студии во Букурешт (Europe Next to Europe Fellowship, New Europe College); потоа, на Државниот универзитет во Охајо (САД, 2017), каде што, помеѓу другото, се здобива и со сертификат за завршен курс по словенска палеографија и црковнословенски јазик; и, во текот на 2018 година, во Центарот за напредни студии во Софија, (Бугарија, март - јули 2018) како стипендист на Advanced Academia Fellowship for International Scholars.

Во овој период, д-р Николовска го проширува својот научен интерес и во неколку истражувачки полиња кои ја дополнуваат нејзината специјализација за раномодерната книжевност како што се палеографијата и кодикологијата. Нејзините специфични вештини и знаења го определуваат и текот на нејзиниот професионален ангажман во НУБ „Св. Климент Охридски“ во Скопје, каде што во текот на 2017, 2018 и 2019 година работи како специјалист за ракописи и старопечатени книги при Археографскиот центар на библиотеката.

Во делот на професионалното искуство на д-р Николовска треба да се спомне и нејзиниот ангажман во Британската библиотека (Лондон, Обединето Кралство), каде што работи како стажантка за време на докторските студии (2013).

## 2.Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката

### Научноистражувачка дејност

Д-р Кристина Николовска има објавено десетина научни трудови во рецензирани меѓународни научни списанија, како и поглавја од книги објавени во странство и други стручни публикации (наведени во Анекс 2 од рефератот).

Нејзиното истражувачко искуство се протега на неколку меѓународни проекти во кои учествувала, како, на пример, проектот “Cultural Flows between twentieth century Southeastern Europe and South Asia” (во соработка со доц. д-р Блејк Смит од Универзитетот во Чикаго), истражувањето на црковнословенските паратекстови во ракописите од Хиландарскиот манастир (Државен универзитет во Охајо и Хиландарска истажувачка библиотека, Колумбус, Охајо, САД) и некои кои тековно се одвиваат: Historiographies of Early Modern Southheast Europe (HEMSEE project, од јануари 2019 г.), во соработка со проф. д-р Конрад Петровцки, од Австриската академија на науките (Виена, Република Австрија).

Распонот на научноистражувачките интереси и искуства на д-р Николовска е прилично широк и ги опфаќа, во најмала рака, релациите помеѓу книжевноста и историографијата. Д-р Николовска покажува со своите трудови дека поседува капацитет за специфично теориски истражувања, но и за архивски и теренски истражувања. Најзначајниот нејзин монографски текст е резултат на обемните докторски истражувања, а книгата која е подготвена за публикација на македонски јазик е под наслов: *Маргини, реторика и империја: историската имагинација на Јужните Словени (1350 - 1750).*

Станува збор за исклучителна студија која врз основа на компаративна анализа на селектиран корпус црковнословенски ракописи во една мошне широка временска рамка, нуди едно алтернативно читање на историското и фикциското пишување на Јужните Словени. Николовска создава еден монографски текст во којшто, за првпат во нашата културна средина, на сосема нов начин ги предизвикува традиционалните претставувања на средновековните ракописи и предлага алтернативни интерпретации, засновани на модерно разбирање на историографијата и текстуалната анализа. Фокусот во истражувањето на Николовска е насочен кон различните категории маргинални записи на средновековните ракописи во различни јазични подрачја, мноштвото маргинални белешки испишани по форзеците, горните, долните или страничните маргини, помеѓу редовите од главниот текст на ракописот, па дури и на подврзијата. Релативно големиот корпус на паратекстуални извори коишто се испишани во црковнословенските ракописи, средновековните кодекси и слично, се понекогаш и единствениот извор за определени настани поврзани со османлиското владеење во Југоисточна Европа. Д-р Николовска внимателно ги анализира ваквите извори, во облик на предговори, колофони и маргиналии и забележува дека паратекстуалните записи коишто зборуваат за османлиското владеење се создавани на многу широко географско подрачје и во текот на многу долг временски период - од првите османлиски освојувања во Европа во средината на четиринаесеттиот век до крајот на црковнословенската ракописна традиција, во доцниот осумнаесетти век.

Моделот на препрочитување што го нуди Николовска во оваа бравурозна анализа покажува како маргиналните текстуални записи ги осветлуваат тековите на историската реторика и како варира вообличувањето на средновековната имагинација кое, на различни начини и во различни историски контексти, служи на различни, менливи „општествени“ интереси. Ракописот на д-р Николовска е прв од ваков вид во нашата културна средина, со оглед на тоа што на еден комплексен културен феномен му приоѓа од сосема нова аналитичка позиција која во вкрстена перспектива го разгледува развојот на идеите во нашата средновековна традиција и претставува извонреден модел за понатамошниот развој на студиите на културата во нашето јазично подрачје.

Д-р Кристина Николовска својот научноистражувачки капацитет го покажува и со учеството на бројни конференции и симпозиуми во Европа и во САД.

**Предавања и презентации**

Во периодот од 2011 до денес, д-р Николовска одржала повеќе предавања и усни презентации на неколку престижни универзитети во Европа и во САД, од кои ќе наведеме само дел:

- "Blind to the Obvious: Urban Students' response to the Construction of the National Past," 16th Annual ASN World Convention, Колумбиски универзитет, Њујорк, април 2011 г.;
- "Narrating the Self and the City: Accounts of South Slavic clergymen in the Early Modern Period", First TEEME symposium, Универзитет во Кент, Кентербери, февруари 2012 г.;
- "New Spaces for Expression: Marginalia and Colophons Written by Balkan Orthodox Slavs under Ottoman Rule (1400-1600)," Presenting the Past: Exploring the Relationship between Text and Event in Early Modern Europe, Универзитет во Порто, ноември 2012 г.;

- "'In the time when those who were living envied the dead': Interrogating the 'Personal' in South Slavic Paratexts from the Ottoman Period", Reconstructing Space and Time: Localising Manuscripts through Paratexts, Centre for the Study of Manuscript Cultures (CSMC), Универзитет во Хамбург, Хамбург, октомври 2013 г.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во рамките на својата досегашна активност во земјата и во странство, д-р Кристина Николовска покажала резултати и како преведувач. Меѓу другото, таа е автор на преводот на англиски на две значајни монографски публикации и еден филм:

- 1101: St. Clement through a contemporary artistic prism: St. Clement of Ohrid - National and University Library - Skopje, December, 2017 (with Toni Desovski and Marija Hadjimitrova Ivanova), Skopje: National and University Library "St. Clement of Ohrid", 2018.
- Seven churches in the regions of Pelagonia, Mariovo and Prespa (with Orhideja Zorova), authors Elizabeta Dimitrova et al., Skopje: Makedonida association for heritage education promotion and valorization, 2019.
- Fake news fairytale, во режија на Kate Stonehill. London: 2018.

Д-р Николовска е член на Slavonic and East European Mediæval Studies Group, од јануари 2014 година, и е добитник на повеќе меѓународни стипендии. Таа активно се служи со повеќе јазици: англиски, српски/хрватски/босански и бугарски (одлично пишување, читање и зборување); шпански, руски и старословенски (напредно ниво на читање).

## 3. Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Кристина Николовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата смета дека д-р Кристина Николовска поседува исклучителни научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето доцент во научната област наука за книжевноста – општа и компаративна книжевност и теорија на книжевноста.

Кандидатката д-р Кристина Николовска се одликува со висок научен капацитет, со морален интегритет и компетенции кои можат само да ја зббогатат компаратистиката во нашиот академски контекст. Нејзините широки научни интереси во областа на науката за книжевноста, но и историографијата, антропологијата, палеографијата и кодикологијата придонесуваат таа да биде соодветен кандидат за членство во нашата академска заедница.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Кристина Николовска да биде избрана во звањето доцент во научните области општа и компаративна книжевност и теорија на книжевноста.

Проф. д-р Маја Бојаџиевска, с.р.
Проф. д-р Славица Србиновска, с.р.
Проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска, с.р.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
д-р Кристина Николовска

**Институција:**
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

**Научна област:**
општа и компаративна книжевност

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/НАУЧНО ЗВАЊЕ-НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8, 00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус[1]<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,12.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 67,33 поени од максимум7,5 (>8.0)<br>Просечниот успех изнесува __/__ за интегрираните студии. | **да** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: раномодерни студии / доктор на науки по Текст и настан во раномодерна Европа; поле: книжевност/историја/културолошки студии: подрачје: хуманистички науки. | **да** |

[1] На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Северна Македонија во моментот на стапување на сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат освоено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите од прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда[2] во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **да** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Slovo<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот:<br>"Behind the Semi-Official Stories – 2001 Armed Conflict in the Republic of Macedonia: An Anthropological Perspective".<br>4. Година на објава: 2010 г. | **да** |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: ______<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број на членови, број и припадност по земји): ____________<br>3. Наслов на трудот: ______________<br>4. Година на објава: __________ | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание:<br>- New Europe College Yearbook<br>- Revue des études sud-est européennes (RESEE) / Journal of South-East European Studies<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД:<br>- Романија<br>- Романија<br>3. Наслов на трудот:<br>- "From Margins to Nation: Church Slavonic Marginal Inscriptions and Their Value as Historical Sources for Macedonian Historiography"<br>- "Tsar or Son of Perdition: South Slavic Representation of Ottoman Imperial Authority in Church Slavonic Paratextual Accounts"<br>4. Година на објава:<br>- 2017 г. | **да** |

[2] За кандидатот/ите кој има повеќе од четири (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

| | | |
|---|---|---|
| | - 2016 г. | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Наслов на книгата<br>- "'When the living envied the dead': Church Slavonic paratexts and the apocalyptic framework of monk Isaija's colophon (1371)"<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД:<br>- Сојузна Република Германија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување:<br>- de Gruyter, Берлин, 2016 г. | да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научен комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: ________<br>2. Назив на меѓународниот собир: _____<br>3. Имиња на земјите: _____ | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност<br><br>1. Наслов на преведеното капитално дело:<br>- 1101 : St. Clement through a contemporary artistic prism<br>- Fake news fairytale<br>- Seven churches in the regions of Pelagonia, Mariovo and Prespa<br>2. Година на објава:<br>- 2018 г.<br>- 2018 г.<br>- 2019 г.<br>3. Издавач, место на издавање и година:<br>- НУБ „Св. Климент Охридски„ - Скопје, Скопје, 2018 г.<br>- Kate Stonehill, Лондон, 2018 г.<br>- Skopje: Makedonida association for heritage education promotion and valorization, 2019 г. | да |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>1. Странски јазик:<br>- англиски јазик<br>2. Назив на документот:<br>IELTS (International English Language Testing System)<br>3. Издавач на документот:<br>British Council/University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот:<br>- 1.2.2008 г. | да |

# ОБРАЗЕЦ 2

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Кристина Иван Николовска
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** општа и компаративна книжевност

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **<u>Одржување на настава од трет циклус студии</u> (0,06 поени):** TEEME заедничка докторска програма: Универзитет во Кент, Универзитет во Порто, Слободен универзитет Берлин и Карлов универзитет во Прага – приватен подучувач на тројца докторанти<br>• зимски семестар 2016/17 (4*15*0,06) = 3.6<br>• летен семестар 2016/17 (4*15*0,06) = 3.6 | 7.2 |
| 2 | **<u>Настава во школи и работилници:</u>**<br>**<u>- раководител (1,5 поени): 11 * 1,5 = 16, 5</u>**<br>• “Paratexts, intertexts and pre-texts: early modern South Slavic historiography in the margins of manuscripts and printed books,” History on the margins: Marginalia in Early Modern Southeast Europe, 15 th - 18th centuries, 1 st HEMSEE workshop, Виена, 3 октомври 2019 г.<br>• „Churchmen on the move: migrations of South Slavic Orthodox clergy during Ottoman rule,” јавно предавање, Centre for Advanced Study, Софија, 17 мај 2018 г.<br>• “'He ejected me from the land I was wedded with!'”: Immigrant Orthodox Clergy in the Tsardom of Russia in the 17th century”, предавање во рамки на мултидисциплинарната работилница *Moving (Between) Cultures: Theories and Practices of Transfer*, The European University Institute, Фиренца, 6 април 2018 г.<br>• „The Church Slavonic manuscript: making and storytelling”, предавање и изложба на ракописи, Macedonia Welcome Center, во НУ НУБ „Св. Климент Охридски – Скопје“, 20 февруари 2018 г.<br>• „Writing as Handwork: Slavonic Manuscripts from NUL’s special collections„ предавање и изложба на ракописи, НУ НУБ „Св. Климент Охридски – Скопје“, 8 ноември 2017 г. | 20.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | • "From 'Son of Perdition' to 'Tsar': South Slavic Representations of Ottoman Sultans in Church Slavonic Paratextual Writings," јавно предавање, Централноевропски универзитет, Будимпешта, 7 април 2016 г.<br>• "Attitudes Towards Ottoman Power in Church Slavonic Manuscript Marginalia (1350-1750)," јавно предавање, Државен универзитет во Охајо, Колумбус, 22 март 2016 г.<br>• "'Let It Be Known': Practices of writing inscriptions in Church Slavonic manuscripts of Southeastern Europe," јавно предавање, New Europe College, Букурешт, 21 октомври 2015 г.<br>• "Traces of Apocalypticism in Church Slavonic Paratexts from Southeastern Europe," јавно предавање, Британска библиотека, Лондон, 15 март 2014 г.<br>• „Practical guidance for using the British Library", воведно предавање за третата генерација докторанди на TEEME - програмата, Лондон, Британска библиотека, 16 октомври 2013 г.<br>• „How to use the British Library for research", заедничко предавање и дискусија со проф. д-р Бернхард Клајн, Универзитет во Кент, Кентербери, 10 октомври 2013 г.<br>**<u>-учесник (1 поен): 4 * 1 = 4</u>**<br>• „Наративи, минато и иднина: национализирани историографии во контекст на договорите за регионална соработка меѓу Северна Македонија, Бугарија и Грција,„ модератор на дебата, Центар за истражување на национализмот и културата, Скопје, 13 јуни 2019 г.<br>• Промоцијата на книгата „Социјалниот архетип во документарниот филм" од Маријана Котевска-Георгиева (Скопје: Арс Ламина, 2018), модератор на дискусија, Скопје, 20 август 2017 г.<br>• *Knowledge Unlimited: Intellectual Curiosity and Innovation in Byzantium*, Faculty Research Seminar organized by the Institute for Research in the Humanities (IRH-UB) and New Europe College (NEC), Букурешт, 11-12 февруари 2016 г.<br>• „Европа пред бездната – прекрасниот свет на Албер Кан,„ модератор на дебата, ГЕМ, Скопје, 8 јули 2011 г. | |
| 3 | **<u>Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (0.5 поени)</u>**<br>• "PhD upgrade examination board," член на комисија за оценување на Офели Верон, UCL SSEES, 16 јуни 2010 г. | 0.5 |
| 4 | **<u>Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание (1 поен):</u>** | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | • "From Margins to Nation: Church Slavonic Marginal Inscriptions and Their Value as Historical Sources for Macedonian Historiography". New Europe College Yearbook 2017, Europe Next to Europe Program 2015– 2016, 2016 – 2017: 25–42.<br>• "Tsar or Son of Perdition: South Slavic Representation of Ottoman Imperial Authority in Church Slavonic Paratextual Accounts". Revue des études sud-est européennes, LIV, 1-4 (autumn 2016): 75-86.<br>• "Behind the Semi-Official Stories — 2001 Armed Conflict in the Republic of Macedonia: An Anthropological Perspective". Slovo, 22.2 (autumn 2010): 66-88.<br>• "Of travels and travails in blank spaces: The fate of Ioan of Kratovo's Four Gospels (1562)," во: Manuscript of the Month (Centre for the Study of Manuscript Cultures, University of Hamburg), август 2014 (https://www.manuscript-cultures.uni-hamburg.de/mom/2014_08_mom_e.html).<br>• „Образование, почивај во мир!“ во Academica: гласник на академската јавност, 2 (март 2011): 6-7. | |
| | **ВКУПНО** | **33.2** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Раководител на национален научен проект (6 поени)**<br>• „Терենски истражувања и откупување на значајни библиотечни добра“, раководителка на проект финансиран од Министерството за култура на Република Северна Македонија за 2019 г. | 6 |
| 2 | **Учесник во меѓународни научни проекти (5 поени)**<br>• Учествува во проектот "Cultural Flows between twentieth century Southeastern Europe and South Asia", под менторство на проф. Блејк Смит од Универзитетот во Чикаго, САД, од јануари 2019 г.<br>• Учествува во проектот „Historiographies of Early Modern Southeast Europe“, под менторство на проф. Конрад Петровцки од Австриската академија на науките, од јануари 2019 г.<br>• Учествува во проект за изработка на првиот каталог на македонски публикации печатени до 1991 година, под менторство на кустосот Милан Грба при Британската библиотека, мај-јуни 2013 г.<br>• Учествува во проект за надополнување на меѓународниот каталог на инкунабули (ISTC), под менторство на кустосот Џон Голдфинч, при Британската библиотека, мај-јуни 2013 г. | 25 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Учествува во проектот за усна историја, HISTORYtalk во Лондон, јан.-сеп. 2009 г. | |
| 3 | **Дел од монографија објавен во странство (6 поени)**<br>• "'When the living envied the dead': Church Slavonic paratexts and the apocalyptic framework of monk Isaija's colophon (1371)," во: Tracing Manuscripts in Time and Space through Paratexts, ed. by G. Ciotti and H. Lin (Berlin: de Gruyter, 2016): 185-221. | 6 |
| 4 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор (6 поени)**<br>• "From Margins to Nation: Church Slavonic Marginal Inscriptions and Their Value as Historical Sources for Macedonian Historiography". New Europe College Yearbook 2017, Europe Next to Europe Program 2015 – 2016, 2016 – 2017: 25 – 42.<br>• "Tsar or Son of Perdition: South Slavic Representation of Ottoman Imperial Authority in Church Slavonic Paratextual Accounts". Revue des études sud-est européennes, LIV, 1-4 (autumn 2016): 75-86.<br>• "Behind the Semi-Official Stories — 2001 Armed Conflict in the Republic of Macedonia: An Anthropological Perspective". Slovo, 22.2 (autumn 2010): 66-88. | 18 |
| 5 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор (3 поени)**<br>• "Culture Vulture: Communist Bulgaria's interest in Indian art" (со Блејк Смит), во: The Caravan, 5 септември 2018 (https://caravanmagazine.in/arts-culture/communist-bulgaria-interest-india-art).<br>• "Of travels and travails in blank spaces: The fate of Ioan of Kratovo's Four Gospels (1562)," во: Manuscript of the Month (Centre for the Study of Manuscript Cultures, University of Hamburg), август 2014 (https://www.manuscript-cultures.uni-hamburg.de/mom/2014_08_mom_e.html).<br>• „Образование, почивај во мир!„ во Academica: гласник на академската јавност, 2 (март 2011): 6-7. | 9 |
| 6 | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (2 поени)**<br>• "Paratexts, intertexts and pre-texts: early modern South Slavic historiography in the margins of manuscripts and printed books," History on the margins: Marginalia in Early Modern Southeast Europe,15 th - 18 th centuries, 1 st HEMSEE workshop, Виена, 3 октомври 2019 г.<br>• "'He ejected me from the land I was wedded with!'": Immigrant Orthodox Clergy in the Tsardom of Russia in the 17th century", предавање во рамки на мултидисциплинарната работилница Moving (Between) Cultures: Theories and Practices of Transfer, The European University Institute, Фиренца, 6 април 2018 г.<br>• „The Church Slavonic manuscript: making and storytelling", предавање и изложба на ракописи, Macedonia Welcome Center, во НУ НУБ „Св. Климент Охридски – Скопје„, 20 февруари 2018 г. | 24 |

| | | |
|---|---|---|
| | • „Writing as Handwork: Slavonic Manuscripts from NUL's special collections„ предавање и изложба на ракописи, НУ НУБ „Св. Климент Охридски – Скопје„ 8 ноември 2017 г.<br>• "Traces of Apocalypticism in Church Slavonic Paratexts from Southeastern Europe," Британска библиотека, Лондон, 15 март 2014 г.<br>• "Hagiography and Narratology: A New Approach to the Study of the Two Vitae of St. Clement" (со Лоренцо М. Чолфи), Четврт Меѓународен Научен Симпозиум "Денови на Јунстинијан I", Скопје, 11-12 ноември 2016 г.<br>• "Waiting for the End of Times in the Church Slavonic Paratexts of Southeastern Europe", Third PhD Symposium on South East Europe, UCL SSEES, Лондон, јуни 2014 г.<br>• „In the time when those who were living envied the dead": Interrogating the Personal in South Slavic Paratexts from the Ottoman Period", Reconstructing Space and Time: Localising Manuscripts through Paratexts (конференција), Centre for the Study of Manuscript Cultures (CSMC), Универзитет во Хамбург, Хамбург, октомври 2013 г.<br>• "Researching the Macedonian collections at the British Library," Between Words and Worlds: Texts and Contexts in the Early Modern Period, Second annual TEEME conference, Карлов универзитет, Прага, ноември 2013 г.<br>• "New Spaces for Expression: Marginalia and Colophons Written by Balkan Orthodox Slavs under Ottoman Rule (1400-1600)," Presenting the Past: Exploring the Relationship between Text and Event in Early Modern Europe, First annual TEEME conference, Универзитет во Порто, ноември 2012 г.<br>• "Narrating the Self and the City: Accounts of South Slavic clergymen in the Early Modern Period", First TEEME symposium, Универзитет во Кент, Кентербери, февруари 2012 г.<br>• "Blind to the Obvious: Urban Students' response to the Construction of the National Past," 16th Annual ASN World Convention, Колумбиски универзитет, Њујорк, април 2011 г. | |
| 7 | **Одржани предавања по покана на референтен странски универзитет (3 поени)**<br>• "From 'Son of Perdition' to 'Tsar': South Slavic Representations of Ottoman Sultans in Church Slavonic Paratextual Writings," јавно предавање, Централноевропски универзитет, Будимпешта, 7 април 2016 г.<br>• "Attitudes Towards Ottoman Power in Church Slavonic Manuscript Marginalia (1350-1750)," јавно предавање, Државен универзитет во Охајо, Колумбус, 22 март 2016 г.<br>• "'Let It Be Known': Practices of writing inscriptions in Church Slavonic manuscripts of Southeastern Europe," јавно предавање, New Europe College, Букурешт, 21 октомври 2015 г.<br>• „Churchmen on the move: migrations of South Slavic Orthodox clergy during Ottoman rule," јавно предавање, Centre for Advanced Study, Софија, 17 мај 2018 г. | **12** |
| | **ВКУПНО** | **100** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Поглавје во книга – автор (3 поени):**<br>• "'When the living envied the dead': Church Slavonic paratexts and the apocalyptic framework of monk Isaija's colophon (1371)," во: Tracing Manuscripts in Time and Space through Paratexts, ed. by G. Ciotti and H. Lin (Berlin: de Gruyter, 2016): 185-221. | 3 |
| 2 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија (1 поен):**<br>• Теренско истражување во околината на Охрид со цел да се збогати збирката на ракописи и старопечатени книги при Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.<br>• Теренско истражување во околината на Битола со цел да се збогати збирката на ракописи и старопечатени книги при Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.<br>• Проценува и откупува библиоцечни добра за збогатување на збирките ракописи и ретки книги при Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.<br>• Проценка на вредноста на библиотечните добра што се во сопственост на Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.<br>• Извршува увид во состојбата на фондот на ракописите при Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.<br>• Извршува увид во состојбата на библиотечните добра со спорна сопственост при Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.<br>• Учествува во стручната обработка на збирката со ретки и старопечатени книги при Археографскиот центар во НУБ.<br>• Дава стручни препораки за конзервација на ракописи и ретки книги од Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.<br>• Дава стручни препораки за дигитализација на ракописи и ретки книги од Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје.<br>• Евидентира и врши стручна обработка на старопечатени книги со спорна сопственост кои се чуваат во Археографскиот центар на НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје. | 10 |
| 3 | **Превод на книга или учебник (3 поени)**<br>• „Fake news fairytale„, directed by Kate Stonehill. London: 2018.<br><br>**Превод на дел од книга од мак. на англ. јазик (1 поен)**<br>• 1101 : St. Clement through a contemporary artistic prism: St. Clement of Ohrid - National and University Library - Skopje, December, 2017 (with Toni Desovski and Marija Hadjimitrova | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | престој од април 2012 – март 2013 г.<br>• Универзитет во Кент, Обединето Кралство, докторски престој, април 2013 – август 2015 г.<br>• Универзитетски Колеџ Лондон, постдипломски студии (магистратура), октомври 2008- септември 2010 г. | |
| 3 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект, носител (1 поен)**<br>• „Теренски истражувања и откупување на значајни библиотечни добра“, проект финансиран од Министерството за култура на Република Северна Македонија. | 1 |
| 4 | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (0,5 поени)**<br>• „Наративи, минато и иднина: национализирани историографии во контекст на договорите за регионална соработка меѓу Северна Македонија, Бугарија и Грција,„ модератор на дебата, Центар за истражување на национализмот и културата, Скопје, 13 јуни 2019 г.<br>• Промоција на книгата „Социјалниот архетип во документарниот филм“ од Маријана Котевска- Георгиева (Скопје: Арс Ламина, 2018), модератор на дискусија, Скопје, 20 август 2017 г.<br>• „Европа пред бездната – прекрасниот свет на Албер Кан,„ модератор на дебата, ГЕМ, Скопје, 08 јули 2011 г. | 1.5 |
| | | |
| | **ВКУПНО** | 35 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **33,2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **100** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **35** |
| **ВКУПНО** | **168,2** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Маја Бојаџиевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Славица Србиновска, член, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Капушевска Дракулевска, член, с.р.**